# АДИНГПАВЕР

*Адитив за производство на префабрикувани бетонски и павер елементи*
*Одговара на: EN 934-2:T2*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Се користи за индустриско производство на префабрикувани бетонски и павер елементи елементи, со користење на бетонски мешавини изработени со екстремно низок водоцементен фактор и S1 класа на конзистенција (“земно влажни” бетони). Ваквите бетони најчесто се вградуваат во калапи со машинско пресување и вибрирање.

## СВОЈСТВА

- Го олеснува вградувњето на “земно влажни” бетони со низок W/C – фактор и ниска конзистенција;
- Ја зголемува збиеноста на бетонот при иста методологија на вградување (вибрирање и пресување);
- Овозможува редукција на вода до 12%;
- Ја зголемува водонепропусноста на бетонот;
- Ја зголемува отпорноста на елементите на атмосферски влијанија, мраз, соли за размрзнување и други хемиски агресии;
- Овозможува добивање на глатки површини кај бетонските префабрикувани и павер лементи;
- Овозможува ефективно нанесување на бараната дебелина на површинскиот слој на бетон со пофина гранулација;
- Овозможува остварување на подобра врска помеѓу слоевите на бетон со различна гранулација;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | Визуелно | сина течност |
| Волуменска маса (на 20˚C) | ISO 758 | (1.02±0.02) g/cm³ |
| pH вредност | ISO 4316 | 7±1 |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | ≤0,1% |
| Содржина на алкалии | EN 480-12 | ≤0,5% |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Оптималното дозирање на Адингпавер најдобро се определува со вршење на индустриски проби, со соодветните материјали, технологија на вградување и надворешни услови, кои реално би се јавиле во текот на производството. Препорачуваме дозирањето на материјалот да се движи во границите од 0,5 до 1,5% тежински, во однос на количеството на цемент во бетонската мешавина. Притоа, соодветно е потребно да се изврши редукција на водата во свежиот бетон (од 6 до 12 %). Дозирањето се врши во мешалката за бетон, рачно или со автоматски дозатори, во текот на припремањето на бетонот. Најдобро е адитивот да се дозира заедно со водата за припремање на бетонската мешавина. Времетраењето на мешањето на бетонската мешавина со додаток на адитив треба да е за 50% подолго, во однос на времето на мешање на бетонот без додаток на адитив.

**Ефекти од предозирање**: Превисоко дозирање на Адингпавер може да доведе до зголемување на количеството на вовлечен воздух (пори) во бетонската мешавина.

## КОМПАТИБИЛНОСТ

Адингпавер е компатибилен со повеќе адитиви од програмата на АДИНГ. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат претходни испитувања. Различните адитиви се дозираат посебно односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина. Адингпавер е употреблив со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти: 5 и 20 kg
Буриња: 200 kg
Контејнери: 1000 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување на температура од 5°C до 35°C заштитен од директна изложенсот на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија
09
GAJA001/6
EN 934-2:2009+A1:2012
**АДИНГПАВЕР**
Адитив за бетон, пластификатор
EN 934-2:T2

| | |
|---|---|
| Содржина на хлор јони | **≤ 0,1% по маса** |
| Содржина на алкалии | **≤ 0,5% по маса** |
| Корозивно делување | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008, Анекс А.1** |

Опасност по здравјето: Адингпавер не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Адингпавер е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Остатоци од Адингпавер се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. С. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk

АДИТИВИ ЗА БЕТОН И ЦЕМЕНТ